**Отворен повик за доделување мали грантови за граѓански организации во рамки на проектот „Балкански млади: поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионалните практики за вработување“ (ByLeap)**

**Упатства за потенцијалните апликанти**

Овој отворен повик за доделување на мали грантови е објавен во рамките на BY LEAP проектот, поддржан како дел од Програмата за поддршка на граѓанското општество и програмата за медиуми за 2016 - 2017 - Консолидирање на регионалните тематски мрежи на граѓанските организации од страна на Европската комисија.

Датум на објавување: 18 октомври 2021 година
Краен рок за поднесување: 18 ноември 2021 година
23:59 часот
www.by-leap.com

# Содржини

1. Вовед ........................................ 3
2. Цели на Отворениот повик за доделување мали грантови ........................................ 4
3. Очекувани резултати од Програмата за мали грантови ........................................ 4
4. Тематски области и подобни активности ........................................ 5
4.1. Неподобни активности ........................................ 6
5. Кој може да учествува? - Видови субјекти подобни за финансиска поддршка ........................................ 6
6. Подобност на трошоците ........................................ 7
6.1. Подобни трошоци ........................................ 7
6.2. Неподобни трошоци ........................................ 7
7. Број на апликации ........................................ 8
8. Времетраење на проекти и расположлив буџет ........................................ 8
9. Критериуми за избор, проценка и процедура за доделување на грант ........................................ 8
9.1. Критериуми за избор ........................................ 8
10. Потребна документација/Листа на анекси ........................................ 10
11. Постапка за аплицирање и рокови ........................................ 10
12. Пробен временски рок ........................................ 10

## 1. Вовед

Високите стапки на млади невработени граѓани ги принудија владите во регионот на Западен Балкан и Турција да бараат модели за справување со невработеноста, а младинското претприемништво стана една од препознатливите области која ја олеснува непречената транзиција кон вработување и квалитетен живот.

Младите луѓе од Западен Балкан и Турција сè уште се двоумат дали да започнат сопствен бизнис, да ризикуваат и да се фокусираат на самовработување, и повеќето од нив сакаат да изберат кариера во која би имале работодавачи. Многу пречки стојат на патот на младите луѓе кои се заинтересирани и подготвени да започнат свој бизнис. Овие предизвици варираат од обезбедување почетен капитал, недостаток на поддршка во нивната непосредна околина, сложени административни процедури, несоодветен пристап до професионална поддршка и менторство, ограничено времетраење на програмите што ги водат владите и невладините организации (НВО), недостаток на образование за претприемништво, недостаток на деловни контакти меѓу младите, нестабилна политичка и економска состојба во земјата, неразвиена претприемачка култура и менталитет, итн.[1]

Поради комплексноста на предизвиците кои се присутни на повеќе нивоа во однос на младинското претприемништво, неопходно е да се структуираат напорите и на владите и на граѓанските организации (ГО) на: подобрување на законодавната и стратешката рамка за младинско претприемништво; застапување на обезбедувањето на поголема финансиска поддршка за младинското претприемништво; изградба на техничка и професионална инфраструктура за младинско претприемништво; и инвестирање во промоцијата на претприемништвото и подобрување на претприемачкиот дух.

Проектот „Балкански млади: поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионалните практики за вработување" има за цел да го зајакне учеството на локалните граѓански организации и младински иницијативи во регионални мрежи кои се занимаваат со младинско претприемништво и да го унапреди градењето на инфраструктурата за младите претприемачи и студентски/младински компании[2] преку обезбедување на активности за практичен приказ и обука/менторство. Проектот BY LEAP претставува една од иницијативите поддржани од Програмата за граѓанско општество како иницијатива од регионален карактер направена со цел да придонесе на можностите за претприемништво кај младите и да ги зајакне перспективите за вработување на младите во Западен Балкан, да ја зајакне регионалната образовна мрежа за претприемништво и нејзиниот капацитет да учествува во процесот на реформи, да го поддржи растот на иновативните иницијативи за претприемништво за млади, особено од руралните и оддалечените области, и нивната трансформација во одржливи младински МСП, и да ги поттикне младинските вработувања и можности за претприемништво преку застапување за правна средина која ќе обезбеди одржлив развој на студентите и младинските компании. Координатор на проектот е Џуниор Ачивмент Србија, а партнери

---

[1] Регионален извештај за создавање на средина за младинското претприемништво на Западен Балкан https://www.web4yes.eu/uploads/ENABLING%20ENVIRONMENT%20%20LAYOUT.pdf

[2] Студентска или младинска компанија претставува ентитет/претпријатие управувано од млади луѓе.

на проектот се: Институтот Западен Балкан (Србија), Џуниор Ачивмент (Албанија), Џуниор Ачивмент (Турција), Инкубаторот за социјални иновации МУНЈА (Босна и Херцеговина), Националниот младински совет на Македонија (Северна Македонија), Студентскиот бизнис центар (Црна Гора), и Џуниор Ачивмент Европа.
Со Повикот за доделување мали грантови, проектот има за цел да ги поддржи иновативните иницијативи за претприемништво на младите, да ги зајакне локалните граѓански организации да даде значителен придонес во прашањата на младинското претприемништво преку менторство, обука и застапување, како и да го олесни патот на трансформација на помалите претприемачки иницијативи за одржливи МСП.

## 2. Цели на Отворениот повик за доделување мали грантови

**Целта на овој Повик е да се поддржат и зајакнат локалните граѓански организации и младинските иницијативи да учествуваат во реформските процеси поврзани со претприемништвото кај младите и да обезбедат можност за практичен приказ и обука/менторство за младите претприемачи да ги подобрат своите бизниси.** Целта на повикот е да ги изгради капацитетите на граѓанските организации за подготвување и спроведување на иницијативи за вработување и претприемништво кои дополнително ќе го поттикнат одржливиот развој на студентите и младинските компании, и на тој начин да стимулираат политики и институционална средина која ќе биде посоодветна на инклузивното претприемништво.

## 3. Очекувани резултати од Програмата за мали грантови

- Подготвени и тестирани мерки и активности што овозможуваат успешен раст на работата на студентските и младинските компании и трансформација во одржливи бизниси;
- Создадени работни места и можности за младите, вклучително и работни места со повисока додадена вредност;
- Создадени подобрувања на политиките и регулативите (предложени законски акти, подзаконски акти, изработени нови механизми за поддршка, учество во официјални работни групи и институционални механизми) за создавање на подобра деловна средина;
- Зголемен број граѓански организации вклучени во активности за застапување на граѓански организации и други мрежи кои се занимаваат со младински прашања;
- Напреден дијалог помеѓу приватниот сектор и образовните институции за образование и обука согласно потребите на пазарот;
- Зголемен број на млади луѓе во локални иновативни активности за промоција на претприемништвото и активности за зголемување на вработливоста.

## 4. Тематски области и подобни активности

**Подобрување на законодавната и стратешката рамка за младинско претприемништво;**

- Изготвување препораки за политики или законодавство;
- Активности за следење и надзор;
- Олеснување на контактите, консултациите и дискусиите помеѓу различните засегнати страни;
- Застапување на ревидирањето на постојното законодавство и усвојување на ново законодавство во согласност со стандардите и барањата на ЕУ;
- Воспоставување на дијалог со политичките партии, групи на парламентарци или законодавни тела;

**Поддршка на иновативни деловни иницијативи;**

- Тестирање и имплементација на бизнис планови и стратегии за одржливост;
- Тестирање на иновативни пристапи за започнување бизнис;
- Поддршка на бизнис инкубација;
- Поддршка на иновативни младински деловни иницијативи кои се засноваат, но не се ограничени на модел на студентски компании;
- Поддршка на учеството на руралните граѓански организации во промоција на претприемачкото учење, процесите поврзани со политиките и вмрежувањето;

**Техничка и професионална поддршка на претприемништвото за млади;**

- Купување на софтвер, бази на податоци, подготвување на веб-страници и обезбедување опрема за развој на иновативни виртуелни деловни младински иницијативи;
- Активности за обука, студиски посети, теренски патувања и практикантство во земјата во кој се имплементира проектот;
- Активности за комуницирање и информирање насочени кон поддршка на консултациите со засегнатите страни;

**Промовирање на претприемништвото и подобрување на претприемачкото учење и претприемачкиот дух**

- Промоција на примерите на добрите практики за младинско претприемништво;
- Актвивности насочени кон обезбедување адекватно информирање на локалните ГО;
- Кампањи за подигање на јавната свест;
- Објавување летоци, прирачници за најдобри практики;
- Организација на конференции, тркалезни маси, работилници и семинари (ограничен број во однос на деновите и настаните по предложена акција);
- Промовирање на имплементацијата на донесените закони и прописи;

*Списокот на подобни активности не е конечен, потенцијалните кандидати можат да предложат други активности во рамките на наведените тематски области. Сите предложени активности мора да се спроведат во земјата на имплементација на проектот.

### 4.1. Неподобни активности

Следниве видови на активности се неподобни:

- Активности кои исклучиво вклучуваат индивидуални спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси, студии или курсеви за обука;
- Активности што се однесуваат само или главно на академски истражувања и/или физибилити студии;
- Активности само или главно за набавка на опрема;
- Активности поврзани со политички партии или од политичка/партиска природа;
- Активности кои се однесуваат на итна помош или добротворни донации;
- Активности што спаѓаат во рамките на делувањето на надлежните државни институции или службите на државната администрација, вклучително и локалните власти, освен активностите што произлегуваат од националните или локалните младински стратегии, акциски планови и јавни младински политики;
- Активности во врска со: тутунската индустрија (CAEN код 16), производство на алкохолни дестилирани пијалоци (CAEN код 1591), оружје и муниција (CAEN код 296).

## 5. Кој може да учествува? - Видови субјекти подобни за финансиска поддршка

Со цел да бидат подобни за поддршка во рамките на Програмата за мали грантови, апликантот и ко-апликантите (партнерските организации) мора:

(1) да бидат официјално регистрирани (правни лица)
(2) да бидат непрофитни;
(3) да бидат граѓански организации или непрофитни претпријатија;
(4) да работат најмалку 1 година;
(5) да се воспоставени и да работат во еден од проектните корисници на ИПА Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија или Турција;
(6) да имаат искуство и да се активни во областа на вработување на младите и/или претприемништвотп и/или претприемачкото образование и/или обезбедувањето на услуги за поддршка на бизнисите на младински деловни иницијативи (на пр. Младински деловни центри, инкубатори, простори за соработка);
(7) да покажале лидерски потенцијал, отвореност за раст и промени и подготвеност да се вклучат во партнерства со конзорциумот BY LEAP Project;
(8) да бидат директно одговорни за подготовката и управувањето со проектот.
(9) да имаат капацитет за управување, како и потребните професионални компетенции и квалификација за успешно завршување на предложената активност
(10) да не фигурираат во кривичната или граѓанската прекршочна евиденцијата како организација и раководство;

* Силно се охрабрува учеството на организациите предводени од жени.

## 6. Подобност на трошоците

### 6.1. Подобни трошоци

Истакнуваме дека образецот Анекс2_Буџет е достапен само на англиски јазик и треба да се пополни на англиски јазик.

Трошоците кои се подобни во рамките на овој повик се трошоци кои:

- се поднесени од апликантот/корисникот за времетраењето на активноста и кои се направени во земјата на имплементација на проектот;
- се наведени во проценетиот вкупен буџет на активноста прикачена на договорот за грант;
- се неопходни за спроведување на активноста што е предмет на грантот;
- се препознатливи и можат да се проверат, конкретно се евидентирани во сметководствената евиденција на корисникот и определени според важечките сметководствени стандарди на земјата каде што корисникот/корнисниците е/се регистрирани и се според вообичаените практики за сметководство на трошоците на корисникот;
- се во согласност со барањата на важечкото даночно и социјално законодавство;
- се разумни, оправдани и го почитуваат принципот на здраво финансиско управување, особено во однос на економичноста и ефикасноста

Максималните проценти по буџетски наслови се:

- **Човечки ресурси - максимум 30% од вкупните прифатливи трошоци;**
- **Програмски активности - минимум 50% од вкупните прифатливи трошоци;**
- **Активности за комуникација и видливост - максимум 10% од вкупните прифатливи трошоци;**
- **Административни трошоци - максимум 10% од вкупните прифатливи трошоци.**

ДДВ не е прифатлив трошок во рамките на оваа Програма. Избраните апликанти подлежат на ослободување од данок во рамките на нивната земја на престој.

Сите трошоци претставени во буџетската форма треба да бидат во бруто вредност.

### 6.2. Неподобни трошоци

Следниве трошоци се неподобни:

- трошоци за ДДВ;
- долгови и давачки за сервисирање на долгот (камати);
- резерви за загуби или потенцијални идни обврски;
- трошоци декларирани од корисникот/корисниците и финансирани од друга активност или работна програма која добива грант од Европската унија (вклучително и преку ЕДФ);
- купување на земјиште или згради, освен кога е потребно за директно спроведување на активноста, и во тој случај сопственоста мора да се пренесе, во согласност со член 7.5 од Општите услови на стандардниот договор за грант, најдоцна на крајот на активноста;
- загуби од размена на валути;

- кредити на трети страни;
- трошоци за плати на персоналот на националните администрации.

## 7. Број на апликации

Потенцијалните апликанти можат да поднесат ЕДНА апликација како водечка организација и ЕДНА апликација како партнерска организација.

## 8. Времетраење на проекти и расположлив буџет

Времетраењето на избраниот проект треба да биде **од 8 до 10 месеци**.

Избраните граѓански организации ќе бидат обврзани да ги спроведат своите проекти во периодот од 1 декември 2021 година до 1 ноември 2022 година.

Вкупниот расположлив износ за програмата за мали грантови е **240.000,00 евра**.

Заинтересираните кандидати можат да аплицираат за финансиска поддршка помеѓу:

**Минимален износ: 10.000 евра**
**Максимален износ: 20.000 евра**

Програмата за мали грантови ќе поддржи најмалку 12 проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција - минимум 2 проекти по земја.

Обезбедена е правична регионална распределба на средствата во процесот на селекција, минимум 1/5 од вкупните средства на проектите ќе бидат дадени на организации кои доаѓаат од рурални/оддалечени области.

ЦА Србија го задржува правото да не го распредели целиот расположлив износ на Програмата за мали грантови поради помал број предлог-проекти кои не ги задоволуваат критериумите за евалуација.

## 9. Критериуми за избор, проценка и процедура за доделување на грант

### 9.1. Критериуми за избор

- ➢ Проектот е конзистентен со целите на проектот BY LEAP - погледнете го делот 2.
- ➢ Предложениот проект придонесува на можностите за претприемништво кај младите и ги зајакнува перспективите за вработување на младите од Западен Балкан и Турција;
- ➢ Предложениот проект обезбедува директно вклучување на младите (најмалку 150 млади луѓе);
- ➢ Апликантот има капацитет да обезбеди бизнис поддршка/менторство и насоки за младински бизнис иницијативи;
- ➢ Апликантот има јасна и остварлива визија за промената што сака да ја спроведе во рамките на предложениот проект;
- ➢ Апликантот покажува решеност да го подобри своето портфолио и да работи заедно со други релевантни актери;

Апликациите примени во дадениот рок ќе бидат предмет на разгледување и евалуација.

| **Мрежа за избор** | **Максимален резултат** |
|---|---|
| **1. Релевантност и конзистентност со целите на проектот** | **20** |
| - Колку е релевантен предлогот за целите на Повикот за предлози? | 10 |
| - Колку е релевантен предлогот за потребите на младите претприемачи и младите луѓе во целните земји? | 10 |
| **2** Потенцијал на предлогот да придонесе на можностите за претприемништво кај младите | **20** |
| - Колку е кохерентен целокупниот предлог? Дали ја одразува анализата на проблемот и нуди остварлива промена и подобрување на можностите за претприемништво? | 10 |
| - Дали предлогот е конзистентен во однос на целите и очекуваните резултати од Повикот за предлози? | 10 |
| **3. Ниво на вклученост на младите луѓе** | **20** |
| - Дали предлогот има јасен план за активно вклучување на младите луѓе (најмалку 150 млади луѓе по предлог) | 10 |
| - Дали предлогот ги објаснува и јасно ги дефинира целните групи и одговара на потребите на младите во целната земја? | 5 |
| - Дали предлогот допира до младите луѓе од оддалечените и руралните области? | 5 |
| **4. Капацитет за обезбедување бизнис поддршка/менторство и насоки за младински бизнис иницијативи:** | **30** |
| - Дали апликантот/апликантите се препознатливи во локалната заедница и способен/способни да донесе/донесат промени во можностите за вработување и претприемничките политики | 10 |
| - Дали апликантите и нивните партнери имаат доволно техничка експертиза и знаење за прашањата што треба да се решат? | 10 |
| - Дали апликантите и нивните партнери имаат доволен капацитет за управување (вклучувајќи персонал, опрема и способност да управуваат со буџетот на активноста)? | 10 |
| **5. Економичност/исплатливост на Предлогот** | **10** |
| - Дали активностите се соодветно одразени во буџетот? | 5 |

| | |
|---|---|
| - Дали соодносот помеѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати е задоволителен? | 5 |
| **Максимален резултат** | **100** |

Оценките се движат од 1 до 5, а оценките се доделуваат на следниов начин:

0 - воопшто не го исполнува критериумот
1 - недоволно задоволува
2 - делумно задоволително
3 - доволно задоволува
4 - целосно задоволува
5 - целосно задоволува и носи додадена вредност

## 10. Потребна документација/Листа на анекси

Апликантот мора да ги подготви следните документи за да биде земен предвид при разгледување за поддршка според Програмата за мали грантови:

- Формулар за аплицирање
- Буџетски формулар
- Скенирана потврда за регистрација издадена од релевантен јавен орган со која се потврдува дека организацијата и партнерите се правен и непрофитен субјект основан во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија или Турција.

## 11. Постапка за аплицирање и рокови

**Сите апликации мора да се испратат преку е-пошта на следнава електронска адреса (e-mail): grants@by-leap.com со предмет (subject): CFP BY LEAP/ИМЕ НА АПЛИКАНТ/ЗЕМЈА**

Заинтересираните апликанти мора да ги испратат потребните формулари и да ги следат достапните упатства.
Апликациите треба да бидат напишани на еден од локалните јазици (српски, босански/хрватски/српски, албански, македонски, црногорски или турски) или на англиски јазик.

Извршното резиме на апликацијата мора да биде достапно на англиски јазик.

Крајниот рок за аплицирање е 18 ноември 2021 година, 23:59 часот.
Резултатите од изборот ќе бидат јавно достапни најдоцна 60 дена по истекот на рокот за поднесување проекти.

***Кандидатите се охрабруваат да поднесат предлог-проекти на англиски јазик, земајќи предвид дека имплементацијата на проектот/комуникацијата и известувањето треба да се прават на англиски јазик.**

## 12. Пробен временски рок

| | | |
|---|---|---|
| 1. Инфо сесија | 28 октомври 2021 година | во 12 часот |
| 2. Краен датум за поднесување прашања во врска со Повикот за предлози | 1 ноември 2021 година | 15:00 часот |
| 3. Конечен рок за поднесување на одговори на прашањата | 8 ноември 2021 година | 17:00 часот |
| 4. Краен рок за аплицирање | 18 ноември 2021 година | 23:59 часот |
| 5. Објавување на резултатите | ноември 2021 година. | онлајн |
| 7. Церемонија за доделување на грантот и состанок за почеток на активноста | декември 2021 година. | / |
| 8. Очекуван почеток на избраните проекти | декември 2021 година | / |